Philological Studies 21, 2, (2023) Стручен труд
УДК 929.731(495.02):929Теодора
УДК 821.111-31.09
DOI: https://www.doi.org/10.55302/PS23212144b

# ИСТОРИСКАТА МЕМОРИЈА ЗА ВИЗАНТИСКАТА ЦАРИЦА ТЕОДОРА КАКО ОСНОВА ЗА ИНСПИРАТИВНО ПРЕСЛИКУВАЊЕ ВО КНИЖЕВНОТВОРЕЧКИ ДИСКУРС

**Марија Б. Брндевска**
*самостоен истражувач*
*Струмица, Република Северна Македонија*

**Апстракт:** Во овој труд компаративно се проследува трансмисијата од хронографските записи во *Тајната историја*, оставени од византискиот хроничар од VI век, Прокопиј Кесариски, во книжевнотворечкиот дискурс при пишување на романите *Теодора* и *Пурпурната наметка* од англиската авторка Стела Дафи. Целта е, да се толкува и интерпретира ликот на византиската царица Теодора главно преку родов аспект. Истражувањата покажуваат дека оваа царица со својот: иднивидуализам, бистар ум, храброст и евидентни лидерски способности успева од маргините на општеството да седне на тронот до византискиот император Јустинијан I. Во историската меморија токму вака е сочувана оваа византиска царица, доволно репрезентативна и инспиративна за пресликување во книжевнотворечкиот дискурс на авторката Стела Дафи. Во трудот ќе направиме подробна опсервација на владеењето на оваа византиска царица во чиј лик се инкорпорирани вистински лидерски атрибути, нетипични за периодот во кој живее, а од друга страна, во истиот тој лик ги согледуваме и ги анализираме никулците на феминистичката теорија.

**Клучни зборови:** Византија, византиска царица, Теодора, Јустинијан I, историска меморија, куртизана, *Тајна историја*, Прокопиј, книжевнотворечки дискурс, Стела Дафи, *Теодора*, *Пурпурна наметка.*

# HISTORICAL MEMORY OF THE BYZANTINE EMPRESS THEODORA AS A BASIS FOR INSPIRING REFLECTION IN LITERARY CREATIVE DISCOURSE

**Marija B. Brndevska**
*Independent researcher*
*Strumica, Republic of North Macedonia*

**Abstract:** This paper comparatively traces the transmission from the chronographic records in the *Secret History*, left by the Byzantine chronicler of the 6th century, Procopius of Caesarea, to the literary-creative discourse in the instance of writing the novels *Theodora* and *The Purple Robe* by the English author Stella Duffy. The goal is to interpret the character of the Byzantine empress Theodora mainly through a gender perspective. Research shows that this empress, through her individualism, clear mind, courage and obvious leadership abilities, managed to ascend from the margins of society to sitting on the throne next to the Byzantine Emperor Justinian I. This is exactly how this Byzantine empress has been preserved in the historical memory, representative and inspiring enough to be reflected in the literary - creative discourse of the author Stella Duffy. In the paper, we will make a detailed observation of the reign of this Byzantine empress, whose character incorporates real leadership attributes, atypical for the period in which she lived, while on the other hand, we also perceive and analyze the germs of feminist theory in that very same character.

**Key words:** Byzantium, Byzantine Empress, Theodora, Justinian I, historical memory, whore, *Secret History*, Procopius, literary – creative discourse, Stella Duffy, *Theodora*, *The Purple Shroud.*

## 1.Вовед

Книжевноста како дискурс е во постојан дијалог со постоечките традиционални и веќе утврдени форми, жанрови и дела, кои го сочинуваат нејзиниот канон, како и со новите општествени тенденции и гласови, кои се стремат да се изразат преку неа. Книжевниот, за разлика од научниот и од историскиот дискурс, не инсистира на еден фиксен, авторитативен текст, туку претставува само едно привремено стабилизирање на реалноста и перцепцијата за неа, вклучително и на историскиот наратив. Во согласност со ова произлегува дека романот може да послужи како средство и како идеална форма за повторно читање на минатото, повторно впишување и пресоздавање. Романот би можеле да го читаме како синхрониски текст во кој може да се направат извесни интервенции во дијахрониската оска по која е организиран историскиот наратив.

Како еклатантен пример за пресликување на историскиот дискурс во еден сосема нов книжевнотворечки, во овој простор ќе ни послужи како илустрација животописната историја на византиската царица Теодора (500 – 548) преку делото *Тајната историја* на Прокопиј Кесариски. Ова дело претставува несомнено примарен извор од каде што се црпат податоци за: потеклото, животот и владеењето на Теодора иако, на моменти, може да се почувствува фон на субјективизација од страна на самиот автор. Делото на Прокопиј ќе биде матрица за создавање два нови историски романи на англиската писателка Стела Дафи, *Теодора* и *Пурпурната наметка*.

Во фокусот на нашето внимание ќе биде женската индивидуа на Теодора, која поседува извонреден личен интегритет и покрај тоа што нејзиното потекло датира од маргините на општеството, како ќерка на мечкар, куртизана и танчарка во циркус. Ќе пристапиме хронолошки во пристапувањето на животот на оваа царица (владетелка), од нејзиното раѓање, преку младоста, крунисувањето, па сè до смртта, потпирајќи се најпрво на делото што го составил Прокопиј, како непосреден сведок и очевидец на настаните и личностите, но и како најголем византиски историчар од VI век. *Тајната историја* од овој автор не е историско дело во вистинска смисла на зборот, туку своевидна „хроника на скандалот" или „политички памфлет" за владеењето на брачната двојка, Јустинијан I и Теодора. Во недостиг на други релевантни историски податоци од тој период, ова е дело врз кое ќе се потпира (со резерва или не) подоцнежната историска и книжевна наука. Во контекст на ова, како предлошка за наративот на англиската авторка Стела Дафи ќе послужи Прокопиевото дело, што ќе резултира со објава на два сосема нови и свежи историски биографии за царицата и совладетелка Теодора (*Теодора* и *Пурпурната наметка*).

## 2. Животот на една византиска царица

Ако сакаме да ги разбереме општествените и цивилизациски норми на Византија, од примарна важност е да се запознаеме со условите во кои живеела нејзината царица, од народот поздравувана како „славата на пурпурот, радоста на светот" или „побожната и пресреќна Августа, василица, која го сака Христос".

Описите што ни ги даваат византиските писатели за животот на августата помалку умеат да нè збунат во создавање еден општ впечаток во врска со статусот што го уживала таа. Едното гледиште околу нејзината положба е дека била сметана за „вечна малолетничка и вечна заробеничка", со многу ограничено движење во гинеиумот

(женското одделение), притеснета од сабјите на евнусите и со можност за прием само на „луѓе без брада“ (жени). Византиската царица била условена при јавното појавување, со тоа што нејзиното присуство можело да се забележи на многу малку свечености на кои најчесто носела повеќеслојна облека, за да се заштити од љубопитните погледи, а нејзиниот женски двор превосходно бил одделен од царскиот. Другото гледиште за статусот на византиската августа е тоа дека византиското општество царицата можела да изврши широко влијание во политиката и воопшто во одлуките на владетелството, како во ретко која држава.

Најдоминантно и најзабележително е влијанието на жените – царици во периодот на средниот век кога многу од нив, со својата физичка привлечност и умствена надмоќ вршеле семоќно влијание врз своите сопрузи – цареви. Во согласност со тоа, низ текот на историјата на монархијата, која ја создал Константин, можат да се сретнат жени – царици кои сами владееле, кои самоволно располагале со круната и создавале цареви. Тие владетелки уживале во величественоста на церемонијата преку која се одразувал надворешниот сјај на моќта, во свечените чинови на власта, со кои се потврдувала нејзината стварност, а најмногу уживале во политичката улога што им ја признавале луѓето од тоа време.

Во пространите одделенија, кои го сочинувале царскиот гинекиум, во служба на царицата била назначена многубројна послуга од жени и дворски великодостојници, поставени лично од царот. Но, и самата царица имала кредибилитет, на повеќето службенички, во гинекиумот да им додели посебна инвеститура, како знак дека тие целосно ѝ припаѓаат. При тие услови, царицата успевала да создава сигурност и верба во своите службенички и паралелно со нив да манифестира слобода во откривање на својот темперамент. Една таква царица, каква што била Теодора, поседувала пасија за задржување на надворешната убавина и притоа водела сметка за симболиката на владеењето согледано и преку демонстрација на раскошот во примената на гардеробата и накитот. Хроничарите ќе ја опишат како кокетна и итра, со некаква опседнатост со својата убавина; за да го задржи лицето одморено и пријатно негувала ритуал на продолжено спиење; за да ја сочува кожата сјајна и свежа, практикувала долго и често капење; уживала во раскош, па затоа барала свечена облека, големи плаштаници од виолетов пурпур везени со злато, блескав накит, драгоцени камења и бисери. Теодора била свесна дека нејзината убавина е најсилен адут и најсигурна гаранција за покажување и за докажување семоќ. Многу свесно истата таа Теодора ангажирала

уметник, кој ќе ги претстави целата нејзина убавина и раскош преку мозаик во црквата „Сан Витал“ во Равена. Ретко која владетелка уште од самото раѓање ги сакала и ги уживала сладострастијата на животот, кои понатаму ѝ ги овозможила највисоката власт. Оваа царица ќе се разликува од другите и по сфаќањето дека синоним за највисока власт е вкусно поставената трпеза со разновидни јадења и специјалитети.

Не само одржувањето на убавината ѝ била преокупација на василисата, таа многу поопседната била со начинот на покажување и докажување на достоинството. Како поранешна циркусантка е разбирливо што ги сакала заплетканите церемонијали и многу полагала на нив: за да ѝ се допаднел некој морал ничкум на колена да паѓа пред неа, па дури и во прав, за да ѝ го бакне стапалото. Во часовите на прием, поданиците со часови ги оставала да ја чекаат во нејзините претсобја.

Погрешна ќе биде перцепцијата за византиската царица ако се гледа таа исклучиво како жена, која го минува своето време во: молитви, избор на облека, приеми, гозби и свечености. Напротив, нејзиниот владетелски профил досегнувал и до многу повозвишени цели, како што се: влијание во владини одлуки, зголемување на личниот имот, влијание врз верски прашања, организирање дворски церемонии. Притоа, многу поправилно би било ако, на византиската василиса, се гледа на нешто повеќе од жена и придружничка на царот, затоа што таа, со својата личност, ја претставувала потполната царска власт.

## 3. Теодора – сочувана во историската меморија

### *Царицата со извонредна среќа и бучна слава*

Ако, при ова разгледување на византиските царици, се осврнеме на нивното потекло, би заклучиле дека сите народи ѝ давале царици на Византија (од Европа и од Азија, од Кавказ и од Грција, од Цариград и од провинциите, од Сирија и од Унгарија, од Франција и од Германија, дури и од варварските племиња на Казарија или на Бугарија). По друга линија, потеклото на овие царици или било благородничко, или неаристократско, па речиси и незнајно.

Пример дека не се случувало секогаш на престолот до василевсот да седне благородна жена е секако, Теодора, која од кулисите на Хиподромот ќе се искачи до престолот на Цезар. Според едни, станува збор за извонредна среќа, а според други успехот на Теодора се должи на исклучителниот ум и проникливост. Веројатно се работи за микс на двата аспекти. Периодот на средниот век,

поконкретно почетокот на VI век, се доживувал како амбиент кога инволвираноста на жената на политичката сцена, а воопшто и во јавниот живот, била рестриктивна појава: „Од апсект на воспоставените норми, Византија категоризирала два типа жени: добри – кои ги почитувале воспоставените норми (девици, сопруги, мајки, вдовици) и лоши – сите оние што пројавувале извесна девијантност од поставените стандарди“.[1]

И покрај вакапоставената фактичка реалност, постоела женска индивидуа, која ги рушела нормите и каноните воспоставени со векови наназад и која тенденциозно успеала да предизвика внимание и да остави траен печат во византиската, а впрочем и во светската историја.

Примарен извор во кој, освен изнесените податоци за владеењето на Јустинијан I (527 – 565), се презентира и животната биографија на царицата Теодора, е делото *Тајната историја* на Прокопиј Кесариски. Во неговиот опис на Теодора е евидентна дијаметралноспротивната дескрипција во однос на физичките атрибути и нејзините морални, етички вредности. Од аспект на физикус, Прокопиј ја опишува царицата како жена со убаво и милозливо лице, мала на раст и со очи што заслепуваат и се полни со живот, а од морален, етички аспект ја осудува за нејзиното сомнително минато и нискиот социјален статус: „Прокопиј во реторски и манипулативен манир ќе го апострофира сексуалното минато на Теодора, како танчарка во циркус и куртизана, тенденциозно изоставувајќи го фактот дека таа, како жена од маргините на општеството, успеала да се издигне до императорски престол, наметнувајќи се со својот непоколеблив дух и со личниот интегритет“.[2] Од оваа Прокопиева илустрација за Теодора не сме сосема сигурни за вистинската природа на познатата царица затоа што постојат и други документи, дури и од самиот Кесариец, освен *Тајната историја*, кои нудат сведоштво за животот на царицата, како на пример: *Животите на блажените источњаци*, раскажани од владиката Јован Ефески, неиздадени делови од големата *Свештена историја* од истиот писател, безимената хроника објавена под името *Захариј од Митилена*, дела од биографите на патријархот Север и Јаков Варадеја итн. Од друга страна, ако се земе предвид историјата за самиот Прокопиј, би се потсетиле дека во почетокот на владеењето на Јустинијан тој бил секретар и правен советник на војсководачот

---

[1] James, L. (2009) Men, Women, Eunuch : Gender, Sex and Power. A Sosial History of Buzantium, ed. By J. Haldon. Blackwell, 35.

[2] McClanan, A. (2002) Representations of Early Byzantine Empresses. Palgrave Macmillan, 114.

Велизир и со години верен придружник во војните: против Персијците, походот во Африка, војните против Готите во Италија, како и во втората војна со персискиот шах Хозрој, во годините кога Јустинијан, поттикнат од дворјаните, да ја разниша довербата кон Велизар, ќе ја намали и наклонетоста, а Прокопиј, тежнеејќи да се искачува кон врвот, ќе го смени курсот на својата наклоност и во своите дела ќе ги опишува воените походи, величејќи го царот. Сметаме дека нестабилната и амбициозна природа на овој автор ќе доведат до замор од задоволување и помпезно величење на царот, што ќе резултира до навредливи и најцрни описи на василевсот и василисата: „ѕверови, најдолни луѓе, бескрупулозни, бесрамни, сурови, убијци, со еден збор – грозоморни!“

Почетокот на VI век, поточно 500-та година се поврзува со раѓањето на оваа царица. Според некои хроничари Теодора се родила на Кипар, страсната земја на Афродита, а според други, со повеќе веројатност, Сирија ќе ѝ ја припишат како татковина. Но, како и да е, го земаме како веродостојно тврдењето дека уште како мала со своите родители дошла во Визатија, конкретно во нејзината престолнина Константинопол (Цариград) и оттогаш започнала да ја исполнува со својата бучна слава.

Во врска со потеклото на Теодора се создала потреба да се интервенира, па во знак на почит кон царското достоинство, ѝ се пресоздало славното педигре (ѝ се конструирал лажен идентитет) или барем пристојно дека е ќерка на еден уважен и добромислен сенатор. Ако се повикаме на *Тајната историја*, во неа е забележано дека потеклото на Теодора е мошне скромно и дека татко ѝ се викал Акациј, кој бил чувар на мечки во амфитеатар и татко на три ќерки, од кои втората ќе се искачи на престолот. Раното детство на Теодора не го исклучува настанот поврзан со молбата на семејството, упатена до „зелените“ (една од градските политички организации), за да му се обезбеди материјална грижа по смртта на Акациј. Од овој настан Теодора ќе ја запамети навредливата рамнодушност на „зелените“, а која ќе ја дефинира карактерната црта на злопамтење и неуморната желба за одмазда, присутна дури и кај зрелата жена.

Не била Теодора само убава (со крупни и убави црни очи), туку и умна, духовита, забавна. И покрај лошите услови за живот, семејната трагедија, во себе поседувала комедијантски жар, со кој ги приврзувала за себе и најпревртливите обожаватели. Била исто така и смела, решителна, бесрамна, при што не чекала мажите да ѝ пријдат, туку ја користела способноста да ги предизвика и да ги охрабри со жива и весела дрскост. Со неуморен љубовнички темперамент таа го

забавувала, восхитувала и соблазнувала Цариград, така што набрзо станала славна по лудостите на нејзините театарски настапи, како и по дрскоста во разговорите и по големиот број љубовници. Поради таквиот живот меѓу сограѓаните ќе биде озлогласена и сметана за нечестива. Ако во некои други свои списи, Прокопиј, зад превезот на куртуазноста и амбицијата умеел да даде поинаков опис на василисата „жена од народот, цврста и решителна, жена која стои веднаш до својот маж и му помага во најтешките моменти“, во *Тајната историја* ни ја открива доста пластично (из)опаченоста на Теодора од Хиподромот: „...Уште извесно време била незрела да биде со маж и не можела да се однесува како жена; но таа не се воздржувала од тие работи и се оддавала на срамен полов акт на машки начин, со пропаднати момчиња, а тоа го правела дури и со робови кои ги придружувале своите господари во театарот, користејќи го згодниот случај, покрај другото, да ја завршат и таа срамна работа. Теодора поминала долго време во јавната куќа, оддавајќи си го телото на такви неприродни занимања. Веднаш штом пораснала и стигнала до зрелост, отишла меѓу актерките и станала обична хетера, од оние кои старите ги нарекуваат уличарки. Бидејќи не знаела да свири на флејта ниту, на харфа, ниту пак била обучена за танчерка, таа требало постојано да си го продава телото и своите убавини на првиот којшто ќе го сретне. Потоа учествувала во мимички претстави, дури станала и актерка во театарот, секогаш играјќи со шутовите во непристојни сцени. Била особено оструомна и префинета и веднаш предизвикувала општо внимание. Таа не знаела за срам и никој никогаш не ја видел засрамена, без двоумење вршела најсрамни услуги. Дури и кога ја тепале и ја опсипувале со навреди и со шлаканици, таа весело се шегувала и громко се смеела. Се разголувала однапред и на случајно присутните им го покажувала отворено она што треба да биде скриено и невидливо за мажите“.

Теодора се подбивала со своите љубовници, правејќи се наивна. Била недостижна за изнаоѓањето нови начини за љубовни односи и со тоа успевала трајно да ги освои душите на развратниците. Никогаш не оставала таа да биде освоена, напротив, со примамлива насмевка и со ласкање, со заводливо одење, ги намамувала своите жртви, особено голобрадите. Ниту една друга жена не била толку моќна во сладострастието. Често одела на организираните пирови со десет и повеќе момчиња, на врвот од машката сила и искусни во рзвратот, и ноќта ја минувала со сите нив. А кога се изморувале тие од таа работа, таа одела кај нивните робови, понекогаш триесетина на број, и имала

односи со секој од нив, без да се засити од таа срамна работа...“ (Кесариски, П. (2008) *Тајната историја*. Скопје: Ѓурѓа.)

На неполни дваесет години Теодора неочекувано и ненадејно исчезнала од хиподромската сцена, заедно со својот љубовник, Сириец по име Хецебол, кој добил некаква позиција во владата на Пентапол во Африка. И како што се вели: „Животот е тркало, а тркалото се врти“, па љубовниот барометар на Теодора ја означил негативната страна – Хецебол ја избркал на груб и непознат начин. Скитала по Истокот победна од кога и да било во животот, без: пари, храна и облека. Дека во животот ништо не е случајно, се потврдува со нејзиното заминување во Александрија, една од престолнините на христијанството. Во моралната беда во која се наоѓала, Теодора не останала нечувствителна кон влијанијата на средината во која ја фрлиле настаните. Сосема радо ги прифатила проповедите од патријархот Тимотиј и од Север Антиохиски, а според тоа би можеле да заклучиме дека таа аскетска атмосфера, пропратена со проповеди, дејствувала врз покајанието на некогашната блудница. Тоа александриско препородување ќе се задржи во неа и по враќањето во Византион, при што се трудела да живее (искрено или не) најповлечен и најчист живот. Едно предание раскажува дека таа живеела исправена и воздржана, во една скромна куќичка, предејќи волна, исто како матроните од старото римско време. Според преданието, се верува дека во таа скромна куќарка го сретнала Јустинијан.

Овде би се запрашале како успеала Теодора да го заведе и да го задржи благородникот, кој бил зрел, имал четириесет години и кој требало да внимава на своето достоинство и иднина? Можеби комбинацијата од остар и непоколеблив ум, лесна допадливост, духовитоста, била магичната формула за идниот престолонаследник, кој најнакрај бил сепак маж и потпаднал во сладострасно искушение пред искусната заводница. Јустинијан ја опсипувал со богатство и на тој начин ја разгорил во неа жедта за почести и почитување. Била доста славољубива и склона да поседува влијание, што секако подоцна и го постигнала.

„Нејзините амбиции оделе дотаму што таа самата се доживувала како совладетелка, а не само како сопруга на Јустинијан I, што ќе се потврди во 532 година, со: бунтот на градските политички организации, „зелените“ и „сините“ кога Јустинијановата императорска позиција била доведена во прашање, при што самиот одлучил дека бегството е единствениот спас“.[3] Бунтовната природа на

[3] Evans, J. A. S. (2000) The Age of Justinian. Rotledge, 104.

Теодора не дозволувала помирување со судбината и прифаќање на такво решение, па затоа и пристапила кон негово негирање преку беседа пред самиот император и пред неговите најблиски и доверливи соработници: „... во моменти на безнадежна опасност, секој треба да прави онолку колку може. Јас мислам дека сега не треба да се бега, дури и ако бегството ни донесе сигурност. Секој што се родил не може да ја избегне смртта, но јас сепак не можам да поднесам да го видам оној што бил цар како прогонет. Се надевам дека нема да доживеам себеси да се видам без царскиот пурпур, ниту дека луѓето, коишто ги среќавам, нема да ме именуваат како царица. Ако сакаш да се спасиш ти, цару, тоа е барем едноставно..., но сепак запрашај се себеси дали би ја менувал таквата сигурност за смрт. А што се однесува до мене, јас сепак ја почитувам онаа стара поговорка, која вели дека пурпурот е достоен кров.“[4] Според Шарл Дил, во *Византиски слики*, таа „со славољубие се издигнала до херојство“,[5] детерминирајќи ја понатаму нејзината функција на лидер и совладетел со Јустинијан I.

Влијанието на Теодора ќе продолжи и во конституирањето на законите, кои ги донесувал Јустинијан, особено во однос на мерките за заштита на злоставуваните жени и на жените што обезбедувале егзистенција по пат на проституција. Прокопиј, во својата *Тајна историја* ќе истакне дека „му посветила особено внимание на казнувањето на жените фатени за телесен грев. Собрала повеќе од пет илјади блудници во Форумот, кои заработувале со телесно продавање ... и ги испраќала да бидат заклучени во манастирот Покајание (Metanoia) за да ги натера да го сменат начинот на живот.“ „По периодот на рехабилитација кој траел околу две години, жените имале право да се вратат во брачната заедница, со претходна согласност од своите мажи“.[6]

„Доминантноста на Теодора врз одлуките на царот и промената во законот биле евидентни уште пред да стапат во брак, а тие се согледуваат во законската можност жените од низок слој на општеството или, пак, жените со сомнителни професии да се мажат со претставници со висок општествен статус“.[7] Ваквата измена Јустинијан неопходно ја презел и од лични причини, особено ако се земе предвид фактот дека самиот бил член на императорското

---

[4] Brubaker L.(2006) Gender and Society. The age of Justinian, Cambridge : Cambridge University Press, 429.

[5]Дил, Ш. (1927) Византиске слике I [Byzantine paintings I]. Београд : Српска књижевна задруга [Serbian literary cooperative], 50.

[6] Hillner, J.(2007) Monastic Imprisonment in Justinian’s Novels. Journal of Early Christian Studies 15/2. The Johnson Hopkins University Press, 209.

[7] Evans, J.A. (2005) The Emperor Justinian and the Byzantine Empire, Greenwood Press, 37.

семејство и дека најбезболно и единствено соломонско решение била законска интервенција за да се реализира бракот со Теодора.

Императорската енергија на Теодора била видлива и во однос на религиските прашања, особено во поддржувањето и во фаворизирањето на монофизитската платформа (која во тоа време се сметала за ерес), нешто што во себе ја крие интимната заднина на шеснаесетгодишната Теодора, која, по аферата со извесен Хекебол, поминала голема морална криза во Александрија, каде што се запознала со патријархот Тимотиј, приврзаник на монофизитството и кој успеал кај младата грешница да предизвика духовна катарза, но и доживотно да ја приклони кон таа религиска определба. „Дури и по облекувањето на пурпурот и стапнувањето на престолот, Теодора го третирала Тимотиј како нејзин спасител и духовен отец. За нејзината толку цврста монофизитска религиска определба бил заслужен и патријархот од Антиохија, Север, кого го запознала, исто така, во текот на нејзиниот престој во Александрија“.[8]

Основата на монофизитското религиско учење се засновало врз идејата за единствена божествена природа, наспроти канонското христијанско учење, според кое, Исус Христос имал две природи: човечка и божествена: „Ваквото учење се појавило во првата половина на V век, а негов идеолошки творец бил константинополскиот духовник Евтихиј, кој, заедно со своите приврзаници, успеал да го прошири од Константинопол до: Александрија, Антиохија и Сирија“.[9] „Монофизитството било прогласено за ерес, како дел од политиката за негово сузбивање, при што црковните авторитети, на 8 октомври во 451 година, го свикале Четвртиот вселенски собор, одржан во Халкедон, каде што била дефинирана христолошката догма за хипостазното единство – една личност со две природи“. [10] Ова, секако, не довело до прекин на монофизитското учење, коешто продолжило да егзистира и во времето на владеењето на Јустинијан I, а зашто во најголема мера е заслужна токму Теодора. Владетелската двојка иако пред очите на јавноста имала конфронтирачки однос кон спротивната религиска догма, се смета дека таа имала склучено некаков премолчан договор. Во прилог на оваа претпоставка оди во прилог фактот што целиот живот таа била патрон на монофизитите и на кои успевала секогаш да им понуди прибежиште за време на прогонствата. Според податоците од Јован Ефески, во рамките на Царскиот дворец во

[8]Evans, J.A. (2005) The Emperor Justinian and the Byzantine Empire, Greenwood Press, 36.
[9]Коев, Т. ,Бакалов, Г. (1992) Въведение в християнството[Introduction to Christianity], София : Булвест [Boulevard], 109 – 111.
[10] Ibid., 112.

Константинопол таа изградила светилиште за монофизитските свештеници, а кои, за да бидат сигурни во својата безбедност, живееле во целосна изолација: „Опишувајќи го амбиентот во монофизитската заедница, Јован Ефески истакнува дека свештениците го облагородувале дворецот со „нивните величествени песни и со нивните меланхолични гласови ... се изведувале во сите ќелии и холови на дворецот."[11]

По смртта на патријархот Тимотиј, во Египет дошло до жестока конфронтација меѓу умерените монофизити, чиј предводник бил Север, и екстремните, кои биле предводени од извесен Јулијан, кој одел до крајност при толкувањето на единствената божествена природа на Исус, истакнувајќи дека Неговата божествена природа целосно ги апсорбирала Неговите човечки елементи, така што Неговото тело било невидливо од моментот кога тој бил замислен. Во тие монофизитски превирања, меѓу екстремните и умерените, Теодора лично се ангажирала околу изборите за назначување патријарх, поддржувајќи ја умерената ориентација, која всушност била продолжена рака на прокламираното учење од Тимотиј и Север: „Во моментот кога таа се обидела да го постави избраниот од нејзина страна Теодосиј, приврзаниците на Јулијан насилно влегле, оспорувајќи го чинот на акламација и поставувајќи свој кандидат".[12] Ваквиот чин ќе биде поттик Теодора да побара поддршка од сопругот Јустинијан, кој го испратил Нарсиј да интервенира во полза на умерените монофизити, но и покрај интервенциите, бунтот не бил стишен, а единствен излез за Теодосиј бил да ја напушти Александрија и да побара прибежиште во Константинопол, каде што бил под нејзина заштита и нејзино гостопримство. По периодот на повлекување на Теодосиј и по затишјето на бунтот, со директна помош на Јустинијан I, Теодосиј станал легитимен патријарх на монофизитите во Александрија.

Континуираната поддршка и директната инволвираност во процесите на монофизитското учење, како и градењето светилиште во рамки на дворецот, ја демонстрира нејзината способност да ја води политиката и тогаш кога постоеле (можеби навидум) конфронтации со императорот. Непосредно пред смртта, во 548 година, Теодора побарала од Јустинијан да продолжи со поддршката на монофизитските заедници. Не постојат извесни податоци дека тој

[11] McClanan, A. (2002) Representations of Early Byzantine Empresses, Palgrave Macmillan, 100.

[12] Evans, J. A. (2005) The Emperor Justinian and the Byzntine Empire, Greenwood Press, 44–45.

постапил во согласност со нејзиното барање или, пак, како компромисно решение, одлучил да ги смести монофизитите на попериферни локации, а во исто време размислувал и како да ги инкорпорира монофизитите во рамки на официјалната црковна догма.

Непобитен е фактот дека Теодора, во историската меморија, е сочувана како жена што одиграла значајна улога во подемот на Византиската Империја. Нејзината доминација се должела на храбрите мудри идеи, кои му ги нудела на својот сопруг, за тој да се стекне со исклучителна слава за време на своето владеење. Поради претераното влијание, кое го вршела над Јустинијан, не само Прокопиј, туку и други писатели и историчари, сурово ќе ја критикуваат. Она што е сосема јасно е дека ниту пораната, ниту подоцнежната историја не запаметиле таква импозантна личност каква што била Теодора. При освртот на нејзиниот исклучителен индивидуализам, Р. Браунинг констатира: „Теодора ќе остане загатлива и уште повеќе алармантна фигура, жена која уживала огромна моќ во период кога не постоела институционална структура за учење моќ.“ [13]





Мозаици со портрети на византиската царица Теодора (лево) и византискиот император Јустинијан I (десно) во црквата „Сан Витал“ во Равена.

[13] Browning R. (1962) An unpublished funeral oration on Anna Comnena, Cambridge : Proceedings of the Cambridge Philological Society, 49–51.

## 4. Теодора како инспиративен лик за книжевенотворечки дискурс

### *Теудорон (Божји дар)*

Малку од историските личности, особено од женските (царици), успеале да се запишат во светската историја како неповторливи, уникатни и моќни индивидуалности, а кои и никако не подлежат на заборав во научната и во книжевна меморија. Живееме во време кога во публицистиката, во различните феминистички движења, во политичките платформи многу често имаме можност да ги слушнеме поимите „лидер“ и „феминист(ка)“, па она што ни се наметнува како прашање, ако притоа ја согледаме историската позиција на византиската царица Теодора, дали можеби можеме да ја одредиме оваа византиска августа за челник на женското лидерство и на феминистичката теорија?!

Претпоставуваме дека токму затоа овој историски лик и историските списи посветени на нејзиниот живот, меѓу кои и бројни легенди (памфлети), како и веродостојни биографски податоци, ја предизвикале творечката мотивација кај авторката Стела Дафи да ги создаде трансжанровските дела, *Теодора* и *Пурпурната наметка*. Романите се потпираат врз интердискурзивни и интертекстуални поигрувања со релациите: книжевност и историја, факт и фикција, минато и сегашност. Интригантната возбудлива историја на Теодора можеби ја имплицирала авторовата интенција да се преиспишат постојните сведоштва за личноста, која живеела пред шеснаесет века. И двата романи на Дафи би можеле да ги читаме како (ре)конструкција на индивидуалното минато на историскиот лик од денешна перспектива. Авторката се служи од една страна со факти и со биографски записи, а од друга страна користи херменевтички процедури на: нараторско разбирање, објаснување и толкување.

Во првиот свој роман *Теодора*, нејзин дванаесетти, авторката одлично ќе ја искористи историско-книжевната граѓа за модулирање на нејзината Теодора, дрска блудница без влакна на јазикот, но со душа. Паралелно со наративното калапирање на ликот на Теодора, авторката го создава ликот – просторот, Цариград, таа огромна царска престолнина, чиј народ Теодора ќе го побудали и заведе. Она што на овој роман ќе му донесе дополнителна книжевна тежина и убавина е темата за христијанството и неговата пресвртна моќ во византискиот свет. Особено моќни се страниците на кои е испишано преобратувањето на Теодора „никакво величествено богојавление“,

како што ќе забележи Дафи, „туку постепена ерозија на нејзиниот цинизам“.

Обидот да се создаде роман посветен на една од најпопуларните ексцентрични византиски женски појави значи подготвеност на авторот да го премости референцијалното сфаќање на историјатот и да се преселува напати во сферите на имагинарното (фиктивното). Читајќи го романот на Дафи, читателот има чувство дека чита типичен историски роман, со маестрална нијансираност на авторката меѓу она што нејзиното перо го (соз)/(до)дава и историската матрица, со која се служи.

На самиот почеток од романот Дафи ќе внесе лик, кој ќе биде во функција на широчината што треба да се постигне во наратолошка смисла, ликот Менандер, учителот по танц на Теодора. Многу итро ќе ја надгради Дафи својата Теодора од борделот преку овој лик, комплетирајќи ја сликата за танчарката, а за која историските записи се посиромашни. Менандер нема да биде статичен лик, кој ќе ја обави функцијата да ја научи Теодора на танцувачка техника, напротив, преку овој старец ќе се гради и челичи издржливоста и силата на идната царица, велејќи ѝ : „Уживај во добро, трпи зло.“[14]

Лекциите, кои, тој стар евнух, ќе ѝ ги одржи, додека ја подготвува да стане совршена танчарка и софистицирана куртизана, која би умеела да ги бара „високите стандради“ од животот пред неа, во неа ќе ги крепат последните атоми прибраност и енергија за време на нејзината одисеја по Александрија. Можеби токму овој лик ќе ја антиципира судбината за Теодора, а проникливиот читател ќе умее да ја навести симболиката во зборовите на учителот: „Сега можеш да престанеш, солзите нема да ти помогнат, а тие ти ја расипуваат и таа малку убавина што ја имаш... Ти и јас знаеме дека нема ништо што твоето тело не може да го издржи, не постои казна што не може да ја издржи. Добро те обучив. А знаеме и дека ти треба поголема сцена. Од ова ќе се изродат многу тешкотии, но ќе има и добри нешта“ (Дафи, 2021: 51)

Менандер, пандан на Фројд, како да ја хипнотизира да легне на психоаналитичниот кауч, од кој и тој, и самата таа ќе продрат во секоја емоционална и мозочна ќелија за да се изнедри идната ладнокрвна, и полна со самодоверба, лидерка (царица). Танчарката Теодора воспитана и едуцирана за: сцена, сценичност и церемонијал и животот сам за себе ќе го сфати како сцена, а секоја нова ситуација, која ќе истапи пред неа ќе ја смета за нова улога со која таа максимално треба

---

[14]Дафи, С. (2021) Теодора [Theodora], Скопје: Матица [Matica], 52.

да се соживее и во која треба да пронајде или барем да глуми дека пронаоѓа задоволство. Секако, имајќи го предвид карактерот на царицата, омилена улога во која се надмина(ла) себеси е улогата на августа. Улогата ѝ го полнела егото и ја подгреала манипулативната способност врз огромна маса народ(и), притоа целата вознесена со: пурпур, злато и скапоцени камења.

Сметаме дека авторската тенденција на Стела Дафи, во својот прв роман *Теодора*, е да ни го предочи пеколниот ȏд на младата Теодора до тој византиски врв (престолот). Обично како што често бидува, движејќи се по животната патека, се тргнува од рајот кон пеколот, односно од доброто кон лошото, од човек кон нечовек, во случајов Дафи одлучува нејзиниот лик да тргне од пеколот (лошото, нечовечкото, грдото, Хиподромот) кон исцелувањето, осветувањето (самопронаоѓањето, чистилиштето, получовечкото, Александрија), за да стигне до рајот (доброто, човечкото, убавото, светлото, пурпурот, престолот).

И во двата романа, *Теодора* и *Пурпурната наметка*, ликот на Теодора, авторката ќе го впушти во самоизолација, тихување, на некој начин медитација во еден стандарден топос, во црквата Света Софија. Теодора многу често, обично навечер, ќе ја има желбата да отиде пред тој студен мермерен олтар на црквата, па дури и да заспие бидејќи во тие моменти го чувствува сопствениот мир и сопствената полнота иако е грешница и неверница. Можеби најубавите и најрефлексивни страници се разговорите со патријархот Тимотиј, а во нивни рамки ќе се постави прашањето за среќата, на што Теодора интуитивно ќе одговори: „Цел живот бегав во такви цркви и меѓу високи дрвја и ридишта кои се најтешки за искачување. Столпниците на оние свои тенки столбови отсекогаш ми изгледаа толку блажени, високо над нередот на секојдневниот живот. И богатството на градот и богатството на тишината ми подарија огромни задоволства, иако сум среќна да признам дека и во двете вистински уживам.“[15] Длабокиот разговор со патријархот ќе продолжи и во насока кон размислување за животната патека и животните избори, при што Теодора ќе сподели сосема искрено дека реалноста ѝ дала многу малку можности за избори. Патријархот, сега веќе новиот учител (по Менандер) авторитативно, но благо, ќе ја испрати на пат во пустината кај Север, со само нему својствена умешност да не ја присилува, туку да поттикне самата да го посака тоа, во што и успева: „Секогаш постои избор. Можеш да избереш да одиш во пустината и само со своето дело

[15]Стела Дафи.2021. Теодора [Theodora](187), Матица [Matica], Скопје

да ги почитуваш правилата, не и со срцето. Можеш да избереш да останеш на колениции додека не почнат да ти пукаат коските, но духот да ти остане недопирлив за промени. Секогаш можеш да избереш нешто што ќе зачуваш, Теодора. Претпоставувам дека секогаш така и си правела?" (Дафи, С. (2021) *Теодора*, Скопје: Матица, 188)

И ако првиот учител Менандер ја подготвуваше идната царица физички и кондиционо да умее да владее со телото и со телесните потреби, вториот кај неа ја внесе верата во Бога, поглед кон срцето и вистинската неа. Стела Дафи ненаметливо ќе ја превоспита „непослушната" Теодора и ќе создаде од неа „примерна" граѓанка, пред тоа да го стори нејзиниот сопруг Јустинијан I со промената на законот. Но, ни случајно нема да ја идеализира, ни случајно не се навестува авторска потреба од Теодора да го исчисти целиот талог, кој, за неа, Прокопиј ќе го распосла, напротив, Стела Дафи прави изненадувачи наративен пресврт, нараторска дигресија на борбеноста на Теодора за женските права (која ние ја читаме како зачеток на феминизам), па ја впушта во хомосексуални авантури со жени со име: Македонија и Софија.

Во вториот роман *Пурпурна наметка* Дафи ќе ја продолжи приказната за Теодора, вклучувајќи го во наративен
фокус и нејзиниот сопруг, Јустинијан: „Посебно ќе ја истакне 'таа извонредна среќа' која ја послужила босоногата ќерка на мечкарот да стане царица на Источното римско царство, менувањето на законот за да може проститутката Теодора да се омажи за благородник како Јустинијан, поделеноста на жителите на Цариград за доброто или лошо владеење на двајцата 'комедијанти'".[16] Во ова второ продолжение, Дафи ќе му понуди на читателот детален опис на цариградскиот дворец, во кој ќе доминираат зависта, задкулисните игри, интригите, лицемерието, подлостите, па и невозможните љубови.

Освен улогата на сопруга и владетелка, Теодорина опсесија ќе биде среќата и финансиската сигурност на нејзиното семејство, па токму затоа многу енергија ќе троши во смислување стратегии за склопување бракови: „Сега дури и повеќе уживаше зашто во своите планови за градот и за оние што ѝ се најблиски најпосле успеа да постигне определен степен на контрола. Сестра ѝ Комито убаво се омажи за Сита, кој беше еден од најсаканите команданти на Јустинијан, а наскоро двете сестри ќе почнат да бараат мажи и за своите ќерки Ана и Индаро."[17] Дафи нема да ни ја претстави Теодора

[16]Стела Дафи.2021. Пурпурната наметка [The Purple Shroud ](19), Матица [Matica], Скопје
[17]Дафи, С. (2021) Пурпурната наметка [The Purple Shroud ], Скопје :Матица [Matica], 20.

како жена, која е пасивна и опседната само со надворешната убавина (споменато веќе во *Тајната историја*), туку како женска еруптивна енергичност и динамичност, страсност и доминантност. Да, таа Теодора, како што беше запишал Шарл Дил го сака славољубието (читајте: потреба од слава), а до слава се доаѓа само со контрола. Успева да контролира сѐ во тој дворец, па затоа и успева тогашното Источно Римско Царство да го поврати сјајот на некогашното Римско: „Треба да се командуваат дворјаните, да се организира свитата, да се води грижа за поширокото семејство на двете страни, а секогаш и пред сѐ – да се има Јустинијан како советник и поддршка“ (Дафи, 2021: 135).

Дафи, за да ја збогати галеријата со ликови, ќе го изваја и ликот на ќерката на Теодора од младоста, Ана, која ќе биде целосна спротивност на мајка си; а можела ли со статусот кој го имала да биде поразлична (ако се земе предвид и ставот и ригорозноста на Теодора за неморалните жени)? Најголема свежина, духовитост, а напати и комичност во содржината на делото ќе внесе ликот на Антонина, сопругата на Велизариј, најдобриот најславен војсководач и притоа пријател на Јустинијан. Антонина нема да биде некоја морална жена, но ќе биде единствената таква, која, Теодора нема да ја казни и ја осуди, туку напротив, ќе ја држи многу блиску до себе. Многу заеднички осмислени интриги ќе ги поврзуваат овие две пријателки, особено поврзани со заведување и кокетирање на Антонина, во служба на царицата. Теодора ќе негува наклонетост кон оваа кокета и поранешна, исто така, танчерка, сѐ до мигот кога ќе почувствува кулминација во амбицијата на Антонина и ќе го предвиди загрозувањето на нејзиниот макотрпнодостигнат пурпур. И ако се присетиме колку таа славољупка со љубов и гордост го носи тој пурпур (своето его) („...го носам пурпурот. И нема да дозволам да ме одделат од него. Нема да дозволам никогаш да ме наречат поинаку освен господарка... Има една стара пословица: од пурпурот се прави најдобар покров. И планирам да го носам додека умрам“)[18], тогаш основана е секоја борба, оправдано е секое тајно измачување во мрачните подземни одаи и неоспорно е секое неоткриено убиство.

И покрај сомнителното минато на озлогласената царица, таа во бракот ќе биде верна и предана сопруга, особено видлива ќе биде грижата за здравјето на сопругот кога денонoќно ќе бдее над неговиот кревет, ќе се обидува да бара начини и лекари, кои ќе го излекуваат нејзиниот август. И можеби не толку од љубов, колку од страв за

[18] Дафи, С (2021) Пурпурната наметка [The Purple Shroud ], Скопје:Матица [Matica] , 135

губењето на моќта, пресвртот на судбината и соблекувањето на виолетовата царска плаштаница?! Рековме веќе дека авторската интенција на Дафи не е да ја идеализира Теодора, туку напротив, и таа ќе греши бидејќи е жена (Ева). Ќе си дозволи царицата со извонредна контрола на телото и умот да биде растреперена од љубовта. Антемиј, архитектот на црквата „Света Софија“ ќе биде нејзина љубов иако само за кратко. Опиени од нектарот на љубовта, двајцата млади љубовници (Јустинијан е шеснаесет години повозрасен од Теодора) ќе се впуштат во „отворена“ љубовна авантура, но дискретно и достоинствено ќе биде прекината од самиот Јустинијан, кој нема и не сака да дозволи да ја загуби таа остроумна жена, негов емоционален и интелектуален столб.

Оваа сага за Теодора завршува со триумф на безусловната и на безвременската љубов меѓу сопружниците, меѓу мажот и жената, меѓу августот и августата на Византија. Доста трогателна и епска е сцената на болното збогување на Јустинијан од неговата љубена царица, неговата „Теудорон“: „Би требало да бидам поблагороден, ама не можам. Не можам да им дозволам да ти помогнат да заминеш од мене.“ [19]До последниот свој здив неговата сопруга ќе го почитува овој благороден сопруг, па ни во борбата со тешките маки нема да сака пред неговите очи да згасне нејзиниот живот: „Јустинијан не помина ни десетина чекори накај вратата, а веќе знаеше. Собата стана некако поинкава, веќе не се рееше на острицата на маките на жена му. Теодора веќе не ја болеше ништо. Тој се сврте. Нејзините раце, со недели стегнати во тупаници од агонијата, веќе се отпуштаа, омекнуваа. Челото не ѝ го браздеа брчки, очите ѝ беа отворени и бистри, а солзите на образите уште не ѝ беа исушени, но неа веќе ја немаше.“ [20]

[19]Дафи, С. (2021) Пурпурната наметка [The Purple Shroud ], Скопје: Матица [Matica], 396.
[20]Дафи, С. (2021) Пурпурната наметка [The Purple Shroud ], Скопје: Матица [Matica], 397.



Мозаик во црквата „Сан Витал“ во Равена на кој е претставена црквата „Света Софија“, која се наоѓа во Цариград, а е изградена во време на владеењето на Јустинијан I.


Жан-Жозеф Бенжамен-Констант, Царица Теодора, 1887 (масло на платно).

## 5. Заклучок

При оваа компаративна анализа со центристички фокус на една од највлијателните и од најпознатите византиски царици, Теодора, заклучуваме дека иако станува збор за жена од средновековието (VI век), таа успева да биде причина за промена на општеството, а впрочем и на историјата. Затоа историските списи за нејзиниот живот од повеќе автори по библиотеките од цел свет не фаќаат пајажина, туку напротив, се прелистуваат, се анализираат, се преисчистуваат и пресоздаваат во сосема нов жанровски облик и покрај тоа што Византија инкорпорира и доста други биографии на жени – царици.

Стела Дафи, како една од современите англиски авторки, и самата театарски работник, впрочем како и мимичарката Теодора, ќе биде заинтригирана да ѝ посвети шест години, дури не постигне нејзино сосема ново и автентично наративно воскресение. И успева во тоа.

Но, Теодора нема да биде инспиративен лик само за белетристичко пресликување, ами нејзината антологиска убавина и маркантност ќе бидат доволна причина за сликарска димензионалност, создадена од Жан-Жозеф Бенжамен-Констант.

Оваа жена, со својот специфичен манир на дејствување, кој подразбира харизма, авторитет, доблест и моќ, дури и денес, а несомнено и во иднина, ќе биде во фокусот на вниманието на многу современи проучувачи, од феминистички, антрополошки или егзистенцијалистички аспект на истражувања.

## Литература/References

Ангеловска-Панова, М. (2010) *Религиските формации и родовите идентитети [Religious formations and gender identities*], Скопје : Селектор [Selector],

Велев, И. (2005) *Византиско – македонски книжевни врски* [*Byzantine - Macedonian literary connections*], Скопје : Авторско издание [Author's edition],

Дафи, С. (2021) *Теодора* [*Theodora*], Скопје : Матица [Matica],

Дафи, С. (2021) *Пурпурната наметка* [*The Purple Shroud* ], Скопје : Матица [Matica],

Дил, Ш. (1927) *Византиске слике I* [*Byzantine paintings I*] , Београд : Српска књижевна задруга [Serbian literary cooperative],

Кесариски, П. (2008) *Тајната историја* [*The secret history*]. Скопје : Ѓурѓа [George].

Коев, Т., Бакалов, Г. (1992) *Въведение в християнството [Introduction to Christianity*], София : Булвест [Boulevard],
Оболенски, Д. (1991) *Византијски комонвелт* [*Byzantine Commonwealth*], Просвета [Education] – СКЗ,
Серафимова, А.,Поповска-Коробар, В., Тричковска, Ј. , Машниќ, М. М. (2009) *Христијански споменици* [*Christian monuments*], УНЕСКО : Венеција и Управа за заштита на културното наследство [Administration for the Protection of Cultural Heritage],
Старделов, Г. (ур.), (2010/11) *Ликовната уметност на почвата на Македонија од IX до крајот на XIX в*ек [*Fine art of the soil of Macedonia from the 9th to the end of the 19th century*], кн. 20-21, МАНУ [Macedonian Academy of Sciences and Arts],

Brubaker,L.(2006) *Gender and Society. The Age of Justinian*, ed. By Michael Maas. Camridge University Press,
Cormack, R. (2003) *Byzantine Art*, Oxford : Oxford University Press,
Evans, J.A. (2005) *The Emperor Justinian and the Byzantine Empire*, Greenwood Press,
Evans, J. A. S. (2000) *The Age of Justinian*, Rotledge,
Herrin,J.(2000) *The Imperial Feminine in Byzantium*. Past and Present No. 169. Oxford University Press,
Hillner,J.(2007) *Monastic Imprisonment in Justinian's Novels*. Journal of Early Christian Studies 15/2. The Johnson Hopkins University Press,
James, L. (2009) *Men, Women, Eunuch : Gender, Sex and Power.* A Sosial History of Buzantium, ed. By J. Haldon. Blackwell,
Janson, J. W. (1975) *Vizantiskaumetnost,Istorijaumetnosti*(pp. 169-183), Jugoslavija,
McClanan, A. (2002) *Representations of Early Byzantine Empresses*, Palgrave Macmillan,
Rodley, L.(1996) *Byzantine Art and Architecture: An Introduction*, Cambridge University Press,